Телефон: ++389 (0)2 5511711
Факс: ++389 (0)2 3060651
Е-адреса: kultura@novamakedonija.com.mk

ОСВРТ

# Рафинирање на музичкиот вкус на штипската публика

*(Кон камерниот концерт, 5 јуни, Безистен-Штип, на Паскал Краповски - виолончело, Гонца Богоромова - сопран и Милица Шкариќ - пијано)*

*Ивана Ѓурѓевиќ-Јанков*

Во прекрасниот амбиент на штипскиот Безистен се одржа концерт на камерна музика во изведба на Паскал Краповски - виолончело, Гонца Богоромова - сопран и Милица Шкариќ - пијано. Програмата опфати дела од различни стилски периоди и беше конципирана како своевидно „патување низ времето“, но со рамноправна застапеност на композиторите од различните композиторски школи.

На програмата се најдоа Моцартовата концертната арија „Вадо ма дове“, нежна и мелодична ариета од Белини, Елегија оп. 24 за виолончело и пијано од Форе, оперско Интермецо од Гранадос, аранжирано за виолончело и пијано, аријата на Маргерита од операта „Мефистофел“ од Ариго Боито. Од советскиот композитор Абасов беше изведена Поема за виолончело и оркестар од 1951 година, во транскрипција за пијано. Потоа на програмата следуваше арија на Норина од комичната опера „Дон Пасквале“ на Доницети. Чешкиот композитор и виолончелист Попер беше застапен со Гавота бр. 2 оп. 23 за виолончело и пијано. На крајот на концертот уметниците ја изведоа композицијата „Сонувај со мене“ напишана за глас, виолончело и пијано од американскиот композитор, диригент и пијанист Леонард Бернштајн.

Краповски маестрално ги изведуваше сите композиции, вдахнувајќи им живот со соодветни динамички и агогички контрасти, со што виолончелото прозвучи со сета своја убавина во целиот негов дијапазон. Богоромова со својот моќен глас и суптилна гестикулација, со својата вокална креација и голема емоција, на публиката со голема леснотија и ја доловија програмноста на ариите од оперската литература. Шкариќ беше извонредна поддршка на соло-гласот и виолончелото. Нејзината изведба ја одликуваше одлична динамичка избалансираност со солистите, како и исклучителна ритмичка прецизност. Фразите беа усогласени до совршенство, со извонредно спојување на контрастните музички стилови и различните звучни бои.

Штипската публика ја впиваше секоја музичка фраза уживајќи во извонредниот концерт во просторот, кој како да е создаден за камерно музицирање. Вакви настани би требало почесто да се одвиваат во Штип, за публиката да добие можност за рафинирање на сопствениот музички вкус.

ЗАВРШИ МТФ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

# „Змејовата невеста“ на прилепскиот театар - најдобра

„Змејовата невеста“ во режија на Нела Витошевиќ, на прилепскиот театар „Војдан Чернодрински“ е најдобрата претстава на годинешното 48. издание на МТФ „Војдан Чернодрински“. Режисерката Витошевиќ, пак, ја понесе наградата за најдобра режија.

- Претставата е работена по текст што има голема вредност, што го прави особено тежок за уметничка интерпретација. Во него се работи за барање животни вредности кои доаѓаат во судир меѓу стварното и нестварното. Екипата, заедно со режисерот, успеала со скромни можности да ги постигне целите и претставата функционира и воспоставува одлична комуникација со гледачите кои понесуваат естетско задоволство што кај другите претстави не можевме да го откриеме - рече Васе Мангаме во изминатите години. Прилепскиот театар е репрезент на македонскиот театар и заслужува да ја претставува Македонија во странство - рече директорот Тони Чатлески.

Писателот Братислав Димитров е награден за текстот „Ноќите во бел сатен“, додека Амернис Нокшиќи-Јовановска ја освои наградата за најдобра женска улога за одлично одиграната Зоја во претставата „Прст“ на Албанскиот театар. На Јордан Витанов за улогата на Благој во претставата „Ноќите во бел сатен“ од велешкиот театар му беше врачена наградата за главна машка улога.

Најдобра млада актерка е Камка Тоциновска за улогата на Лили Марлен во „Изгубени Германци“, а најдобар млад актер е Валентин Костадиновски за улогата на



„Барајќи го Шугармен“ на режисерот Малик Бенџелао е добитник на „оскар“

„МАКЕДОКС“

# Оскаровецот „Б Шугармен“ ја от

Култниот филм „Скопје '63“ на режисерот Вељко Булајиќ, вечерва, во 20 часот, во „Куршумли-ан“, ќе го означи почетокот на четвртото издание на фестивалот на креативен документарен филм „Макед
докс“. Филмот претставува своевиден авторски поглед и коментар на настаните непосредно пред, за време и по катастрофалниот земјотрес што го погоди Скопје, на 26 јули 1963 година. Преку изворни материјали и со совршено вклопени инсценации, прикажани се разурнувањата и последиците од земјотресот, расчистувањето на урнатините, последниот поздрав со загинатите, по
од земјата и
градот.

Веднаш г
екција на оск
рајќи го Шуг
Бенџелао, со
ката програм
цијата ќе сле

Утревече
нува и прват
жирито за на
став: Тоне Ф
ва и Јелена Ј

ВО ПРЕСРЕТ НА СЕМИНАРОТ ЗА МАКЕД

# Битката за иден да ја водат маке

Деведесет учесници од дваесетина